# Младински Совет Прилеп

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

# СОДРЖИНА

ЗА НАС ........................................................................ 3
ВИЗИЈА НА МСП .............................................................. 3
МИСИЈА НА МСП .............................................................. 3

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 ............................................................ 4
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 ............................................................ 7
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 ............................................................ 12
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 ............................................................ 17

УЧЕСТВО НА МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП ВО ДРУГИ АКТИВНОСТИ ....... 18

# ЗА НАС

Младински Совет Прилеп (МСП) е основан во 1999г. како младинска невладина организација во Прилеп и е насочена кон подобрување на животот на младите на регионално и национално ниво. Младински Совет Прилеп е основач и полноправна членка на Коалиција на младински организации СЕГА, национална чадор организација.
МСП дава услуги и можности за младите и активно се обидува да ги вклучи во процесите на донесување одлуки во организацијата. МСП се стреми да влијае позитивно на младите и да создава млади лидери со давање можности на младите да ги изградат своите капацитети и да бидат поконкурентни во општеството.

## ВИЗИЈА НА МСП

Младински Совет Прилеп е одржлива водечка организација на локално и регионално ниво, сигурен партнер во креирањето и спроведувањето на младинската политика, заедно со сите клучни засегнати страни. Нашата работа како видлива и призната организација се заснова на демократски вредности кои им овозможуваат на младите да бидат креативни и активни граѓани.

## МИСИЈА НА МСП

Младински Совет Прилеп ги поддржува младите да учествуваат во демократските процеси, овозможувајќи им да прераснат во активни граѓани.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 ……………………„ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ“

**Младински Совет Прилеп им помага на младите во регионот да го развијат својот потенцијал. Во моментот младите луѓе во регионот се соочуваат со недостаток на можности да се развијат професионално, социјално и културно. Младински Совет Прилеп нуди професионални активности, обуки, работилници и други можности за младите во регионот да се усовршат професионално.**

### „INTRODUCE YOUTH SELF“

Младински Совет Прилеп е партнер со Associacio PROSEC во рамки на проектот „Introduce Youthself“ кој што се спроведува со поддршка на програмата Еразмус + во Клучната Акција 2 – Стратешки партнерства во полето на младите, со времетраење од 2 години, почнувајќи од 15.03.2022 до 15.03.2024 година.

**Цел на проектот**

- Да им се помогне на младите со помалку можности (без обука или курсеви), кои имаат одредени компетенции и вештини и ги прикажуваат во своето CV, да можат да ги валидираат.
- Да се изнајде начин преку кој ќе можат да бидат валидирани вештините и компетенциите на младите.

**Активности на проектот**

- Состаноци со партнери (транс-национални состаноци)
- Креирање Методологија за прирачник
- Тестирање на методологијата со млади
- Изработка на мобилна апликација од методологијата за верификација
- Тестирање на мобилната апликација со млади
- Превод на апликацијата на јазици од партнерите на проектот
- Подготовка на мобилна апликација и пуштање во употреба

**Резултати на проектот**

- Креирана Методологија за прирачник.
- Креирана мобилна апликација од методологијата за верификација.






## „ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ“

Младински Совет Прилеп беше дел од тимот за спроведување на Гаранција за млади (ГМ) во 2023 година преку ангажирање на Регионален Координатор за Пелагонискиот регион во спроведување на теренски активности.

**Цел на проектот**

- Да им се овозможи на младите лица до 29 годишна возраст, кои не се вработени, ниту вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по нивното евидентирање како невработени лица во АВРМ.

**Активности на проектот**

- Наоѓање и евидентирање на NEET млади.
- Запознавање на NEET млади со Гаранција за млади и можностите кои ги нуди.
- Мотивирање на NEET млади за да се вклучат во Гаранцијата за млади.

**Резултати на проектот**

- Најмалку 30% од вклучените лица во ГМ се вработени, повторно вклучени во образовен процес или вклучени во активните програми и мерки за вработување.



## „ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТЕРСТВО И ВОЛОНТЕРСКИ ТИМ“

Младински Совет Прилеп секоја година објавува повик за амбициозни млади кои сакаат да волонтираат во организацијата. Преку нивното волонтерство, тие се стекнуваат со поголеми знаења, а воедно и развиваат вештини за планирање, организирање, но и лидерски вештини преку водење на радио емисии во рамките на младинското радио „Пулс“, основано од страна на МСП. Покрај тоа, волонтерите имаат шанса за учество во голем број локални работилници, дискусии и обуки, а воедно и во учество на размени.

Во текот на 2023 година, вкупниот број на волонтери кои беа вклучени во активностите на Младински Совет изнесува околу 50.

За успешна подготовка и спроведување на активностите во организацијата, вклучување на волонтерите во тековните активности на организацијата, во домашни и меѓународни проекти, Младински Совет Прилеп има усвоено програма за волонтерство.

Целите на програмата за волонтерство соодветствуваат со стратешките цели на организацијата. Преку реализација на овие цели ќе придонесеме кон: зголемување на младинското учество на локално ниво, зголемување на младинскиот активизам преку нивно вклучување и ангажман, нивно унапредување како на личен така и на професионален план и кон зголемување на информираноста на младите на теми кои што се од нивни интерес (младински размени, тренинзи, обуки, стипендии) и други поволности за младите.

За полесно и поквалитетно реализирање на целите на програмата, МСП развија опис на 3 волонтерски позиции:

1. *Програма за еколошки акции* – Еко - агенти за иницирање и организирање на еколошки акции. Волонтерите се одговорни за подготовка, логистика и организација на волонтерски еколошки акции.

2. *Програми за неформално образование* - Едукатори за локални едукативни работилници. Волонтерите се одговорни за организирање и реализација на едукативни работилници за своите врсници на теми поврзани од нивниот интерес (Здрав животен стил, Образование, Кариера, Спорт и рекреација и слично).

3. *Програма „Радио Пулс”* – Водител на радио поткасти и емисии. Волонтерите се одговорни за креирање и продуцирање на радио поткасти и емисии од едукативен и забавен карактер.

По повод денот на волонтерството, 5-ти Декември, Младински Совет Прилеп како и секоја година така и оваа формираше нова група на волонтери, проширувајќи го својот Волонтерски тим.







**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2……………………… „ЗГОЛЕМЕНО МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА“**

**Младински Совет Прилеп ги поддржува младите од основните, средните училишта, студентите и НЕЕТ младите да учествуваат во демократските процеси, овозможувајќи им да прераснат во активни граѓани.**

## „БИДИ КРЕАТОР НА СВОЈАТА АВТОНОМНА ЗОНА – МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР“

Младински Совет Прилеп доби грант доделен од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку проектот „Поддршка на изборните реформи“ кој го спроведува Меѓународна фондација за изборни системи (ИФЕС) за реализација на иновативната иницијатива „Биди креатор на својата автономна зона – Младински Центар“, во времетраење од 6 месеци, почнувајќи од 1 ноември 2022 година се до 30 април 2023 година.

**Цел на проектот**

- Да се придонесе кон зголемување на политичката одговорност и транспарентност во локалните заедници.

**Активности на проектот**

- 3 ИНФО денови
- 5 Работилници за дигитално учество на младите
- 3 Аудио поткасти
- 3 Видео поткасти
- 4 Настани за собирање потписи т.е петиција
- Позициски документ
- Тркалезна маса

**Резултати на проектот**

- Младите се активни и вклучени и ги повикуваат на одговорност локалните власти.
- Дигитално обучени млади креираат аудио поткасти и видео продукти.
- Подготвен Позициски документ со препораки од млади во Општина Прилеп.






## „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО ОД ПЕЛАГОНИЈА 2“

Младински Совет Прилеп е партнер на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2“, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, спроведуван од Про Локал со уште 7 локални организации од Пелагонискиот регион.

**Цел на проектот**

- Да се зголеми младинското учество во рурална Пелагонија
- Да се поддржи младинската работа во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор
- Да се воведе регионална соработка (платформа) за младинско ангажирање
- Да се подигне свеста за предизвиците и можностите на руралните млади на национално ниво

**Активности на проектот**

- Работилници за добро владеење
- Обука на практики за ангажман на граѓани/млади на ЕУ
- Дебати за зајакнување на младите
- Учество на младите во јавниот сектор
- Учество на младите во граѓанското општество во рурална Пелагонија
- Развивање на едноставна дигитална алатка за комуникација
- Заеднички проекти од мал обем
- Регионална платформа за младински прашања и можности
- Градење на капацитетите на регионалниот граѓански сектор во Пелагонија

**Резултати на проектот**

- Повеќе од 100 млади од рурална Пелагонија се зајакнати да преземат активна улога во општеството
- Спроведени 16 инфраструктурни проекти од мал обем
- Повеќе од 1600 млади учесници за младинско/граѓанско учество и активности за градење капацитети за добро владеење
- Одржани 2 јавни дебати
- Развиени 7 оригинални видео содржини за младински активизам создадени од учесниците во проектот
- Развиен дигитален пакет алатки за добро владеење
- Развиени и усвоени 3 стратегии за млади во руралните општини
- Повеќе од 50 млади учествуваа на седниците на локалниот совет
- Спроведени 10 Работилници за личен развој
- Спроведени 3 тренинзи за зајакнување на локалните партнери






## „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУРАЛНАТА ЗАЕДНИЦА“

Младински Совет Прилеп го спроведуваше проектот „Младинско учество за одржлив развој на руралната заедница“ во времетраење од 10 месеци, кој што е финансиран од Европска Унија, преку проектот „Потпри се на младите“, спроведуван од „Македонска развојна фондација за претпријатија“, „Рурална Коалиција“, „Џуниор Ачивмент“, „ЕЛИТ – здружение на жени менаџери“.

**Цел на проектот**

- Да се придонесе кон подобрување на социо – економскиот развој на младите во руралните заедници.
- Да се зголеми младинскиот активизам и младинското учество преку примена на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Кривогаштани.

**Активности на проектот**

- Формирање на јадро на младински активатори во заедницата и нивно зајакнување
- Спроведување на локалните иницијативи предводени од активаторите во заедницата
- Средби со клучните засегнати страни во полето на млади во Општина Кривогаштани
- Техничка поддршка на ЛС во примена на ЗМУМП
- Зајакнување на улогата на ЛМС на Општина Кривогаштани
- Кампања за промовирање на младинскиот активизам и младинското учество

**Резултати на проектот**

- Зајакнати капацитети на руралните млади преку младински активизам и влијание врз креаторите на политики
- Подобрено е учеството на руралните млади преку операционализција на Локалниот Младински Совет Прилеп во Општина Кривогаштани
- Зголемена информираност на младите за можностите од ангажман на младите и нивното учество









## „МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ“

Младински Совет е партнер на проектот „Младински политики по мерка на младите“, кој што го спроведува Про Локал со уште 7 организации од Пелагонискиот регион, во времетраење од 30 месеци.

**Цели на проектот**

- Да се развијат и донесат младински политики по мерка на младите.
- Да се унапредат младинските состојби со поефикасна имплементација на младинските политики.

**Активности на проектот**

- Јавна дебата за измени и дополнување на ЗМУМП
- Воспоставување и тестирање на механизам за креирање младински политики и донесување одлуки со младинско вклучување
- Секторски работилници за младински политики
- Секторски анализи за младинските состојби и можности
- Младинско вклучување
- Младински проекти од мал обем
- Пленарни сесии на регионалната платформа за млади
- Градење на капацитетите за застапување и учество во носење политики
- Сертификација на младински работници
- Тематски форум
- Завршна конференција за презентација на резултатите
- Промоција на прашањето за младински политики по мерка на младите
- Визуелен идентитет

**Резултати на проектот**

- ГО се вклучени во развојот на политики и во процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите
- Развиени и донесени младински политики по мерка на младите
- Унапредени младинските состојби со поефикасна имплементација на младинските политики



## „РЕГИОНАЛЕН ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЧ“

Младински Совет Прилеп во 2023 година беше ангажиран како Регионален теренски истражувач за Пелагонискиот регион во спроведување на теренски активности преку проектот „Граѓанското општество во унапредување на регулативата за млади“.

**Цел на проектот**

- Граѓанскиот сектор активно да се застапува за унапредување на постојната законска регулатива за младинско учество, со што ќе се придонесе кон зајакнување на улогата на граѓанското општество за учество во процесите на донесување на одлуки и креирање полики.

**Активности на Регионалниот теренски истражувач**

- Спроведување на фокус група со претставници на граѓански организации донесувачи на одлуки во локалните самоуправи, ученички и студентски организации.
- Спроведување на 2 интервјуа со службеници на млади и донесувачи на одлуки.
- Промоција на онлајн анкета.

**Резултати на проектот кои што произлегуваат од активностите на Регионалниот теренски истражувач се:**

- Идентификувани потреби за интервенции за ефикасна примена на Законот за младинско учество и младински политики.



## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3…………………… „ДОБЛИЖУВАЊЕ НА ЕВРОПА ДО МЛАДИТЕ“

**Младински Совет Прилеп е организација со големо меѓународно искуство во организирање на волонтерска работа преку програмата Европски Солидарен Корпус и размена на млади преку програмата Еразмус+. Овие можности не само што вклучуваат можности за млади од Македонија да патуваат во странство, но исто така да им дава шанса на младите од Европските земји да дојдат во Македонија и да ја искусат Македонската култура.**

### „ЕРАЗМУС+“

Младински Совет Прилеп е носител на акредитација од програмата Еразмус+, во делот Мобилност на млади. Целите на акредитацијата се во согласност со стратешките цели на организацијата.

**Во рамки на акредитираниот проект, во текот на 2023 година, Младински Совет Прилеп ги спроведи следните активности:**

1. Младинска размена **„Rural Youth Activism for better Green Community“**: 24 до 30 мај 2023 година во Струга.
   Цел: Да се зголеми учеството и активизмот на руралните млади во промовирање на зелени практики преку дигитални алатки.





2. Младинска размена **„Green Society with active and educated Youth“**: 13 до 19 јуни 2023 година во Струга.
   Цел: Да се зголеми едукацијата за можностите и влијанието на програмите за млади на ЕУ, како и да се зголеми младинското учество и активизам преку промовирање зелени практики и еколошки одржливо и одговорно однесување кај младите.





3. Обука за младински работници **„Youth Participation in democratic life“**: 09 до 15 август 2023 година во Струга.
   Цел: Да се поттикне квалитетно младинско учество во демократските општества преку подобро разбирање за тоа што е значајно младинско учество;





4. Студиска посета **„Radio as a tool for fostering professional development of Youth Workers“**: 25 јуни до 1 јули 2023 година во Молфета, Италија.

Цел: Да се разменат искуства, методи, политики што ги спроведуваат невладините организации за развој на младинската работа, како и размена на дигитални алатки при имплементација на веб радио програми.








## „CREACTIVITIES“

Младински Совет Прилеп е партнер на проектот „CreActivities“, кој што го спроведува Sempre a Frente од Полска, преку програмата Еразмус+.

**Цел на проектот**

- Да допре до младите и да се поттикнат да бидат активни во заедницата.

**Активности на проектот**

- Обука за младински работници во Лублин, Полска

**Резултати на проектот**

- Проширено знаење за достапните алатки и можности за размена на искуства меѓу организациите.







## „ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС“

МСП ја поддржува мобилноста на младите луѓе преку поседување на **значка за квалитет** за спроведување на волонтерски и солидарни проекти за млади кои се дел од програмата на Европски Солидарен Корпус.

Кон крајот на 2023 година, МСП селектираше 2 волонтери од Турција, кои се очекува да пристигнат на почетокот на 2024 година.

Активностите на волонтерите ќе бидат насочени кон интеркултурно учење, промоција на волонтерството како една од формите на младински активизам, како и снимање емисии на Радио Пулс.

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4……………………. „ПОДДРШКА ВО КАРИЕРНО НАСОЧУВАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ“**

**При препознавање на конкурентноста на работната сила и моменталните празнини во услугите за поддршка и насочување на кариерниот развој за млади, МСП се фокусира кон обезбедување услуги за кариерно насочување на младите во претстојниот период.**

# УЧЕСТВО НА МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП ВО ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## „FURTHER STEP TO YOUTH WORK“

Младински Совет Прилеп учествуваше на обука „Further step to youth work“ со цел да го подобри пристапот во полето на младинска работа и да ги зајакне своите капацитети за работа со млади.
Обуката, на која што присуствуваат 16 претставници на граѓански организации кои работат со млади, се спроведи во период од 21 до 24 март 2023 година во Струга.
Целта на обуката беше запознавање со работата и методите на младинските работници, преку споделувања на искуства и знаења за работа со млади кои се применуваат во Франција.
Обуката придонесе кон зајакнување на знаењата и вештините за младинска работа кај учесниците, како дел од нивната секојдневна работа.






## МЛАДИНСКА РАЗМЕНА „CONNEXTION-S“

Волонтерскиот тим на Младински Совет Прилеп беше дел од младинска размена „Connextion-s“ во Лиаж, Белгија, заедно со учесници од Франција, Белгија и Тунис. Младинска размена се одржа во период од 08 до 12 април 2023 година.
Целта на младинската размена беше да се зајакне младинскиот активизам преку интеркултурни искуства и примената на дигитални алатки.



## ОБУКА ЗА МЕНТОРИ НА ВОЛОНТЕРИ ОД ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

Младински Совет Прилеп од 25 до 27 април 2023 година учествуваше на Обука за ментори, со цел да ги зајакне капацитетите на сегашните и идни ментори и да им помогне во поуспешна работа со волонтерите од програмата Европски Солидарен Корпус.
Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите на младинските работници во областа на менторството преку споделување на добри практики и идеи, и да се подигне квалитетот на менторство во рамките на структурата за поддршка на програмата Европски Солидарен Корпус, притоа нудејќи одличен квалитет на волонтерите на ЕСК.
Оваа обука беше организирана од страна на Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност.








## ЧЛЕНСТВО ВО ИРИС МРЕЖА

Младински Совет Прилеп од октомври 2023 година стана член на ИРИС мрежата – единствена регионална мрежа која ги соединува граѓанските здруженија од областа на социјална заштита во југоисточна Европа и го зајакнува квалитетот на нудење на социјални услуги.
Целта на ИРИС мрежата е да ги поврзи организациите но и да ја зајакне улогата на граѓанските организации како даватели на социјални услуги низ Југоисточна Европа и да создаде средина во која овие организации ќе бидат препознаени како партнери од јавниот сектор.
Дополнително, мрежата ИРИС има за цел да овозможи активно граѓанско општество кое ќе учествува во јавната дебата за демократијата, човековите права, социјалната инклузија и владеењето на правото со доволен капацитет да влијае врз процесите на креирање политики и одлучување.
Мрежата собира 203 организации - членки кои нудат различни видови социјални услуги за лица со посебни потреби, деца, ранливи млади и жени, жртви на насилство, Роми, мигранти и баратели на азил и други членови на ранливи социјални групи.
Основните вредности на мрежата ИРИС се засновани на:

- Солидарност
- Еднаквости
- Учество
- Социјална одговорност
- Персонализирани услуги

Младински Совет Прилеп со своето членство во ИРИС мрежата ќе овозможи:

- Придонес кон активна социјална инклузија и социјална кохезија преку промовирање на недискриминација, родова еднаквост, здравствена заштита, високи животни стандарди и квалитет на живот;
- Еднакви можности за сите и да се подобрат капацитетите на поединците за активно учество во општеството;
- Почитување на правата на корисниците и развој на персонализирани услуги, како и услуги приспособени на специфични ситуации и култури;
- Промоција на отворено, транспарентно, демократско и инклузивно управување, борба против корупцијата и клиентелизмот;

## ПРОМОТИВЕН НАСТАН „НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА“

Младински Совет Прилеп како грантист на проектот „Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија“ учествуваше на промотивен настан кој се одржа во хотел Милениум, Битола, на 31 октомври 2023 година.

Настанот беше посветен на промоција на постигнатите резултати од мониторингот на изборните ветувања на политичките партии и мобилизирањето на заедницата за барање отчет и исполнување на ветеното.

Претставниците на локалните самоуправи, граѓански организации, медиумите и локалните мобилизатори го споделија своето искуство и знаење за процесот на мониторинг на локалните изборни ветувања.



## ОБУКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ – ГРАНТИСТИ НА ПРОЕКТОТ „ПОТПРИ СЕ НА МЛАДИТЕ“

Младински Совет Прилеп како грантист на проектот „Потпри се на младите“ учествуваше на две обуки организирани од Junior Achievement, со цел ги зајакне капацитетите и да ја засили менторската поддршка на граѓанските организации кои се корисници на грантот.

Преку првата обука „Мобилизација на ресурси/фондови“, одржана во Прилеп во период од 02 до 03 ноември 2023 година, организациите се запознаа со видовите на фондови/донатори, алатките кои се користат во пребарувањето на отворени повици, можностите за добивање корпоративна поддршка како и индивидуални донации.

Втората обука „Стратешко планирање“, одржана во Прилеп во период од 16 до 17 ноември 2023 година, им помогна на организациите во прецизно распределување на ресурсите на организацијата, вклучувајќи ги времето, луѓето и буџетот. Оваа обука обезбеди знаење и вештини за изработка на стратегии, анализа на околината и управување со промените.








## МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП - ЛОКАЛЕН МЕНТОР НА УЧИЛИШНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Младински Совет Прилеп стана локален ментор за поддршка на училишните организации на три училишта: ООУ „Св. Климент Охридски“ – Македонски брод, СОУ „Ѓорче Петров“ – Прилеп и СОУ „Кузман Јосифоски – ПИТУ“ – Прилеп.

Во месец декември 2023 година, се одржаа три работилници во секое од училиштата со цел да се зајакнат капацитетите на ученичките организации, како и ученичките правобранители во планирање и реализација на училишни активности.
Младински Совет Прилеп, преку процесот на менторство ги поддржа учениците при развивање на ученичка иницијатива, и ќе обезбеди поддршка при спроведување на ученичките иницијативи.






## „ПРОЕКТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА“

Младински Совет Прилеп е прва младинска организација во Македонија која ќе користи обновливи извори на енергија и ќе произведува минимална количина на електрична енергија за свои потреби, придонесувајќи кон заштита на животната средина и климатските промени.
На 19 декември 2023 година, Младински Совет Прилеп потпиша договор со ИРЗ за доделување на грант за „Проект за користење на обновливи извори на енергија“.
Со поддршка од Здружението ИРЗ и Германската фондација за заштита на животна средина (DBU), ќе обезбедиме набавка на фотонапонска централа.

*Младински Совет Прилеп*

*место за креативни млади*

*www.ycp.org.mk*